...инско основно музичко училиште
...рдан Михајлоски-Оцка
Бр 02-414/1
08.08 2025 год.
Прилеп

ООМУ ,,Ордан Михајлоски-Оцка“ – Прилеп

Ул. ,,Орде Тутески“ бр.19, Прилеп

Тел: 077/961-314

Е-Маил: muzicko_pp@yahoo.com

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р.М бр.27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 11/2018; 275/2019; 14/2020; 215/221 и 99/2022), Директорот на ООМУ ,,Ордан Михајлоски-Оцка“ – Прилеп донесе

## О Д Л У К А

**За избор кандидат по јавен оглас бр.670/2025 за вработување на административен службеник**

1. За 1 (еден) извршител на работно место со шифра ОБН 01 02 В01 001- Секретар - Советник за општи и нормативно правни работи,Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, (1) извршител во ООМУ ,,Ордан Михајлоски-Оцка“ – Прилеп се избира кандидатот Климент Бошески со идентификациски код 7860АС2.
2. Именуваниот кандидат за работното место од точка 1 на оваа Одлука се именува по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување односно ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување и истата се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенција за Администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 02.07.2025 година Агенцијата за администрација во дневните весници ,,Нова Македонија“ , ,,Слободен Печат“ и ,,Коха“ објави јавен оглас со бр. 670/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во ООМУ ,,Ордан Михајлоски-Оцка“ – Прилеп за работно место ОБН 01 02 В01 001- Секретар - Советник за општи и нормативно правни работи,Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи.

Комисијата за административна селекција формирана од Агенцијата за Администрација ги спроведе сите фази на селекцијата согласно законот за Административни службеници со Решение бр. 10-1439/5 од 08.07.2025 година. Од страна на Агенцијата за администрација е формирана комисија за селекција на кандидатите за вработување по јавен оглас, и Решение за именување и дополнување

на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со број 10-1439/6 од 22.07.2025 година, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извшршената селекција за административен службеник со бр. 10-1439/7 од 22.07.2025 година,Решение за именување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со бр.10-1439/8 од 01.08.2025 како и Записникот од спроведен испит за административен службеник со бр. 10-1439/9 од 04.08.2025 година, како и Записник врз основа на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1439/10 од 05.08.2025 година.

Врз основа на резултатие од сите фази на селекција изготвена е конечна ранг листа на кандидати по Јавен оглас бр.670/2025, објавена на страната на Агенцијата за Администрација и Предлогот од Агенцијата за Администрација за вработување на кандидати бр.10-1439/12 од 05.08.2025 година Директорот на ООМУ ,,Ордан Михајлоски-Оцка“ – Прилеп донесе одлука како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против одлуката за избор,незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агеницјата за администрација.

Доставено до:

- Именуваниот кандидат
- Архива
- Агенција за Администрација
- Одделение за човечки ресурси

Датум:
08.08.2025 година

Директор

Мартина Пашоска Стојанов